МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА

# ПОТРЕБЕН Е НЕЗАВИСЕН МОДЕЛ НА МЕДИУМСКИ СУБВЕНЦИИ ЗА ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

*Од* ВЕСНА НИКОДИНОСКА
Македонски институт за медиуми

Филмските и документарните програми од домашно производство се редок жанр на ТВ станиците во Македонија во изминатите години, но затоа, пак, во ударното време на ТВ екраните, доминираат евтини серии од пониска класа. Причината за ваквата очајна ситуација со домашното производство, главно се должи на недостигот од финансии на телевизиските куќи во државата, додека мерките што се преземаат за унапредување на домашното производство, засега, не се доволни.

Со цел да се стимулира домашната продукција, новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) им наметна нова обврска на комерцијалните ТВ станици кои зрачат програма на државно ниво, како и на јавниот радиодифузен сервис *МРТ* - да произведуваат и емитуваат одредена квота на домашна филмска и документарна програма. Оваа обврска беше воведена во 2014 година со амандман на Законот (2013) поднесен од страна на Владата, со што на телевизиите им се обезбедува финансиска поддршка во висина од 50 отсто од вкупните трошоци за продукција на домашна документарна и филмска програма. Со оваа мерка се очекува да се зголеми квалитетот и квантитетот на домашната документарна и филмска продукција, област која инаку е непривлечна за сопствениците на медиумите поради својата комплексност и високите трошоци. Од друга страна, се очекува субвенциите да ги потиснат евтините странски серии и други забавни програми, главно од турско, српско или од индиско потекло, кои доминираа на националните ТВ канали во изминативе години.

Медиумската индустрија и медиумските граѓански организации имаат поделени ставови во однос на новиот финансиски механизам и на ефектите од него. Телевизиските куќи и продуцентите ентузијастички го поздравија предлогот на Владата, гледајќи во него можност за развој на квалитетна домашна продукција која што би можела да се натпреварува

со популарноста на американските или турските продукции.[1] Спротивно на тоа, медиумските здруженија се со став дека ова би можело да води кон натамошна владина контрола врз уредувачката политика и медиумската содржина, што досега се правеше главно преку државното рекламирање.

Севкупниот процес на селекција, продукција и емитување на проектите во 2014 година беше избрзан и нетранспарентен, што се одрази врз квалитетот на програмите. Формирањето на надлежниот орган, изборот на проектите и доделувањето на средствата од државниот буџет за телевизиите не се одвиваа во јавна и транспарентна процедура.

Целта на овој извештај е да се истражи како се имплементираат законските обврски и дали распределбата на субвенциите на националните ТВ станици за производство на домашни документарни и филмски програми се спроведува на транспарентен начин. Извештајот има за цел да одговори на следниве прашања: како оваа мерка ќе се одрази врз квалитетот на домашното производство; дали постои можност за политички влијанија врз националните ТВ станици; дали се забележани некакви проблеми при спроведувањето на Законот и, доколку тоа е случај, како тие биле адресирани?

Истражувањето беше спроведено во периодот април - мај 2015 година, преку неколку квалитативни методи за собирање и анализа на податоци: длабински интервјуа со член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со сопственик на еден национален радиодифузер и со телевизиски продуцент; квалитативна анализа на домашното законодавство, официјални документи, други истражувања и реакции од релевантни домашни медиумски организации; како и анализа на секундарни податоци од релевантни официјални извори. За потребите на истражувањето, беа побарани информации и од Министерството за информатичко општество и администрација, користејќи го правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

1 "Македонските гледачи осудени на српска музика и турски серии", *Deutsche Welle* (на македонски јазик) 14 јануари 2015. Достапно на: http://www.dw.de. Пристапено на 2 јули 2015.

## 1
## СТИМУЛИРАЊЕ НА ДОМАШНА КОНКУРЕНЦИЈА ЗА НИСКОБУЏЕТНИТЕ СТРАНСКИ СЕРИИ

Телевизиската индустрија во Македонија речиси две децении се соочува со структурни слабости поради различни причини, меѓу кои најрелевантни се: големата фрагментација на пазарот, лошата финансиски состојба на телевизиските куќи, недоволни финансиски и продукциски потенцијали на јавниот сервис, низок квалитет на програмите, недостиг од нова домашна аудиовизуелна продукција итн.[2] Најголемиот дел од приходите од рекламирање со години се одлеваше кај терестријалните телевизии на државно ниво, што укажува на тоа дека финансиските средства за домашна продукција лежат примарно во овој сегмент од ТВ индустријата. И покрај ова, анализите на пазарот покажуваат дека најголем дел од трошоците за продукција на националните телевизии се одвојуваат за откуп на авторски права за емитување странска програма.[3] Поради тешките пазарни услови, сопствениците на медиумите се склони кон максимално зголемување на приходите (преку емитување нискобуџетни серии) и минимизирање на расходите, модел кој е најтипичен за локалните медиуми, кои се чини дека добиваат најмал дел од рекламниот колач. Од друга страна, пак, јавниот радиодифузен сервис *МРТ*, кој со години се бори со финансиските проблеми (и покрај постабилното финансирање од 2010 година наваму), недоволно инвестираше во домашната продукција изминатите години.[4] Ова се некои од причините поради кои целокупниот потенцијал на ТВ - индустријата за производство на домашни аудиовизуелни програми, во голема мера останува ограничен.

Со цел да се стимулира домашната индустрија за создавање квалитетни филмски и документарни програми и да се креира поволна клима за уметниците, сценографите и другите кои работат во оваа област,[5] во 2014 година беше изменет Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013), со намера да се осигури дека националните комерцијални ТВ станици и јавниот сервис *МРТ* ќе емитуваат одредена квота музика и други програми изворно создадени на македонски јазик и на другите немнозински јазици во Македонија (член 92). На комерцијалните телевизии со национална покриеност преку дигитален терестријален мултиплекс,

**НОВИОТ ЗАКОН ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ (2013) ИМ НАМЕТНА НОВА ОБВРСКА НА КОМЕРЦИЈАЛНИТЕ ТЕЛЕВИЗИИ НА ДРЖАВНО НИВО, КАКО И НА ЈАВНИОТ РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС МРТ - ДА ПРОИЗВЕДУВААТ И ЕМИТУВААТ ОДРЕДЕНА КВОТА НА ДОМАШНА ФИЛМСКА И ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА. ПРИТОА, СО ЗАКОНОТ СЕ ОБЕЗБЕДУВА И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ВИСИНА ОД 50 ОТСТО ОД ВКУПНИТЕ ТРОШОЦИ ШТО ТЕЛЕВИЗИИТЕ ГИ НАПРАВИЛЕ ЗА ПРОДУКЦИЈА НА ДОМАШНА ДОКУМЕНТАРНА И ФИЛМСКА ПРОГРАМА.**

2 Богдановски, С., Трпевска, С. и Милевска, С., *Аудиовизуелните креативни индустрии во Македонија: филм, телевизија, видео игри*, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2014, стр. 76.

3 Ибид.

4 Ибид.

5 Изјава на Иво Ивановски, министер за информатичко општество и администрација во напис објавен во онлајн изданието на *МРТВ*. Види "Македонската музика и субвенции за филмски и документарни програми", 26 декември 2013. Достапно на: http://mrt.com.mk/node/1551. Пристапено на 1 јуни 2015.

Законот им налага да емитуваат најмалку 10 часа документарна програма и најмалку 20 часа домашна филмска програма (член 92, ставови 8, 9), во периодот меѓу 07.00 и 23.00 до 25 ноември во тековната година. Од јавниот сервис *МРТ,* пак, се бара да емитува 30 часа домашна документарна програма и најмалку 30 часа домашна филмска програма до истиот период во годината (член 92, ставови 8, 9). Документарните и филмските програми може да бидат продуцирани по сопствена иницијатива и во организација на радиодифузерите или нарачани од радиодифузерот и/или во копродукција (види Уредба, член 2).[6]

Поддршката за домашна играна и документарна програма изгледа како враќање на субвенциите што до 2006 година беа доделувани за програми од посебен јавен интерес. За субвенциите можеа да аплицираат сите радиодифузери, а за нивно распределување беше надлежен поранешниот Совет за радиодифузија (сегашна Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги). Новата законска мерка за поддршка на домашната продукција, пак, им дозволува само на петте национални комерцијални телевизии и на јавниот сервис *МРТ,* кои и онака важат за „најбогати“ меѓу радиодифузерите, да аплицираат за надомест на трошоците за продукција. Со ова, регионалните и локалните ТВ и радио станици се доведени во нерамноправна и незавидна положба, особено имајќи го предвид сиромашниот медиумски пазар во помалите средини во државава.

6 ‘Уредба за структурата на трошоците кои се признаваат и посебните критериуми кои што треба да се исполнат при производство на домашна документарна програма и/или домашна играна програма’, *Службен весник* 138–14, 17 септември 2014, стр. 61. Достапно на: www.slvesnik.com.mk. Пристапено на 10 јуни 2015.

## 2
## ОБВРСКИ, СУБВЕНЦИИ И КАЗНИ

Новата законска мерка, не само што наметнува одредени обврски кон националните радиодифузери, туку воведува и финансиска поддршка за производство на поскапи продукциски проекти, како и парични казни за непочитување на правилата.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) предвидува дека телевизиите ќе добиваат субвенции во висина од 50 отсто од вкупните трошоци за производство на домашна програма. Во Одлуката на Владата од 2014 година[7] се наведува дека субвенциите не смеат да го надминат износот од 137.500 денари (околу 2.254 евра) за производство на еден час домашна документарната програма, или 338.461 денари (околу 5.548 евра) за еден час домашна филмска програма. Според овие суми, произлегува дека за производство на 10-часовна документарна програма комерцијалните телевизиски станици можат да добијат околу 22.540 евра или речиси 111.000 евра за продукција на 20-часовна филмска програма. *МРТ,* пак, за производство на 30 часа документарна програма може да добие надомест за продукциските трошоци во висина од 67.620 евра, а за исто толку филмска програма - максимум 166.440 евра. Максималните износи за субвенционирање на домашна филмска и документарна програма беа помали во рамки на вториот Јавен повик од 2015 година.[8]

Со Законот од 2013 година се воведуваат казни за радиодифузерите кои не ги исполнуваат барањата за продукција на програми од домашно потекло. Драконските казни изнесуваат 100.000 евра за телевизијата и 3.000 до 5.000 евра за одговорното лице во телевизијата (член 145). Понатаму, во случај на непочитување на законската обврска, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да поднесе барање за поведување прекршочна постапка без претходно да донесе решение за опомена до радиодифузерите (член 23, став 2). Медиумските организации

7 ‘Одлука за максималниот износ на надоместокот за покривање на трошоците во висина од 50 отсто при производство на домашна документарна и играна програма,’ *Службен весник* 138-14, 17 септември 2014, стр. 64. Достапно на: www.slvesnik.com.mk. Пристапено на 10 јуни 2015.

8 Во вториот Јавен повик објавен на 3 април 2015 година, како и во ‘Одлуката за максималниот износ на надоместокот за покривање на трошоците во висина од 50 отсто при производство на домашната документарна и играна програма‘ од 2015 (Службен весник 47-15 од 24.03.2015) се наведува дека максималниот износ на субвенции за продукција на едночасовни документарни програми не смее да надмине 107.500 денари (приближно 1.760 евра), додека продукцијата на еден час филмска програма не смее да го надмине износот од 264.615 денари (приближно 4.340 евра). Овие суми се пониски од сумите што се наведени во Одлуката од 2014 година (Службен весник 138-14). Достапно на: http://www.mio.gov.mk/?q=node/3934 . Пристапено на 10 јуни 2015.

веќе реагираа дека со Законот се ограничува правото на радиодифузерите да бидат предупредени пред да се покрене прекршочна постапка.[9]

ТАБЕЛА 1 СУБВЕНЦИИ ЗА РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ РАДИОДИФУЗЕРИ И РАЗЛИЧНИ ВИДОВИ ПРОГРАМИ ВО 2014 ГОДИНА

| ВИД НА РАДИОДИФУЗЕР | ЗАКОНСКА ОБВРСКА ЗА ПРОДУКЦИЈА НА ПРОГРАМА | МАКСИМАЛЕН ИЗНОС СУБВЕНЦИИ (ВО ЕВРА)* |
|---|---|---|
| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ ОПЕРАТОР НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС | 10 ЧАСА ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА | 22.540 |
| ТВ НА ДРЖАВНО НИВО ПРЕКУ ОПЕРАТОР НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС | 20 ЧАСА ФИЛМСКА ПРОГРАМА | 111.000 |
| ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС МТВ | 30 ЧАСА ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА | 67.620 |
| ЈАВЕН РАДИОДИФУЗЕН СЕРВИС МТВ | 30 ЧАСА ФИЛМСКА ПРОГРАМА | 166.440 |

* Максималните износи на субвенции по ТВ станица во 2014 година изнесуваа околу 2.254 евра по час за продукција на документарни програми и околу 5.548 евра по час за продукција на филмски програми.
Извор: Одлука на Владата од 2014 година со која се определуваат вкупните субвенции за надомест на 50 проценти од продукциските трошоци за домашна документарна програма (Службен весник 138/14).

## 3
## "НЕВИДЛИВА" НАДЛЕЖНА КОМИСИЈА

Целиот тек на процедурата, од изборот на проектите до одобрението за надомест на трошоците, го предводи меѓуресорската комисија, тело што е формирано од страна на Владата кон крајот на 2014 година. Комисијата има задача да ги оценува и да ги одобри предлог-проектите врз основа на зададените критериуми; да го следи процесот на продукција; да ги проверува и утврдува реално направените трошоци за продукција и да поднесе предлог до Министерството за информатичко општество и администрација за надомест на трошоците што ги направиле телевизиите.

Комисијата е составена од седум члена и нивни заменици, чиј мандат е две години. Станува збор за административно тело и најголем дел од неговите претставници доаѓаат од министерствата и од институциите кои се под директна контрола на Владата, како што се Министерството за култура, Министерството за финансии, Министерството за информатичко општество и администрација, Канцеларијата на премиерот, Управата за јавни приходи, Агенцијата за филм на Република Македонија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (член 92-б). Само тројца од седумте членови на Комисијата и нивните заменици, кои доаѓаат од Министерството за култура, Агенцијата за филм на Република Македонија и Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се директно

9 Центар за развој на медиумите, *Извештај од мониторингот на имплементацијата на медиумското законодавство: трет квартален извештај (август – октомври 2014)*, Скопје, 2014, стр.8 Достапно на: www.mdc.org.mk. Пристапено на 10 јуни 2015.

поврзани со креативните аспекти на филмската и документарната продукција, додека другите претставници се „бирократи“ кои главно се занимаваат со финансиските и административните аспекти на проектите. Во првиот состав на Комисијата за претседател беше избран претставникот од Агенцијата за филм.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Министерството за информатичко општество и администрација, како што е опишано во Законот, имаат посуштинска и позначајна улога во меѓуресорската комисија. Комисијата ги доставува проектите до Агенцијата во рок од три дена по нивното одобрување (член 92-д), која, пак, следи дали радиодифузерите ги исполнуваат своите обврски да произведат одредена квота на програми. Радиодифузерите мора да ја информираат Агенцијата за почетокот на емитувањето на своите програми пет дена претходно (92-е). На веб-страницата на Агенцијата може да се најдат информации за документарните и филмските проекти од домашно потекло што ги произвеле националните ТВ станици во 2014 година. Министерството за информатичко општество и администрација е одговорно за организирање и објавување на јавниот повик, за техничкото администрирање на процесот (состаноци, простории, објаснување на процесот), како и за исплата на буџетските средства (член 92, став 10).

Оваа комбинација на вклучени тела и нивните улоги, фрла „сенка на сомневање“ врз компетентноста на Комисијата, која треба да гарантира подобрување на севкупниот квалитет на домашното производство, но и да биде доволно независна за да ги спречи можните политички интервенции. Владата не покажа транспарентност во процесот на конституирање на Комисијата од самиот почеток. Јавноста беше лишена од информации за тоа кога е формирана Комисијата, кои се нејзините членови, кој е претседател на ова тело, кои се документите и критериумите врз основа на кои се одлучува. Комисијата има обврска до Владата да поднесе Годишен извештај за работењето до крајот на јануари, што повторно не е јавно достапен документ. Сите овие информации се значајни за да се оцени дали Комисијата е кредибилна да направи фер и непристрасно рангирање на предлог-проектите добиени од страна на радиодифузерите.

**ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ТОА КОГА БИЛА ФОРМИРАНА КОМИСИЈАТА, КОИ СЕ НЕЈЗИНИТЕ ЧЛЕНОВИ, КОЈ Е ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ОВА ТЕЛО, КОИ СЕ ДОКУМЕНТИТЕ И КРИТЕРИУМИТЕ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА, НЕ БЕА ЈАВНО СООПШТЕНИ.**

## 4
## ВИСОКИ КРИТЕРИУМИ НАСПРОТИ РЕАЛНОСТА: КОИ ТВ ПРОГРАМИ БЕА СЕЛЕКТИРАНИ?

На радиодифузерите им беа надоместени трошоците за продукција и емитување на програмите на крајот на 2014 година,[10] но добивањето информација за тоа која ТВ станица колку точно субвенции добила, како и специфичните критериуми според кои биле оценувани и рангирани проектите, се покажа како тешка задача. Обидите да се закаже интервју со некој одговорен претставник во Министерството за информатичко општество и администрација не успеаја, меѓутоа овој надлежен ресор одговори на прашањата што беа поднесени врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Со цел да аплицираат за субвенциите, телевизиите треба да следат одредени насоки и да исполнат одредени технички и квалитативни критериуми, определени во неколку владини документи. Така, на пример, *Уредбата*[11] содржи информации за дозволените трошоци и специјалните критериуми за продукција на домашна документарна и/или филмска програма, додека *Одлуката*[12] ја дефинира максималната сума на субвенциите што може да ги добијат ТВ станиците за продукција на домашна програма.

**КОМИСИЈАТА НЕ ГИ ОБЈАВИ ЈАВНО ПРОЕКТИТЕ КОИ БЕА ИЗБРАНИ, НИТУ, ПАК, ДАДЕ ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОДЛУКАТА. ИНФОРМАЦИЈАТА ЗА ТОА КОЛКУ СРЕДСТВА И БИЛЕ ДАДЕНИ НА СЕКОЈА ТЕЛЕВИЗИЈА ПОЕДИНЕЧНО И ЗА КОЈ ПРОЕКТ, БЕШЕ СООПШТЕНА САМО НА БАРАЊЕ НА НАШИОТ ИСТРАЖУВАЧ.**

Законот предвидува некои основни критериуми што треба да ги исполнат домашните филмски и документарни програми, како што се: оригиналност, автентичност и квалитет на содржината на сценариото; колку е реална продукциската издржаност на проектот земајќи ги предвид сценариото, буџетот, сложеноста, планот и термините за снимање; како и технологијата за производство на домашни филмски програми (член 92, став 11).

Основните критериуми од Законот понатаму се разглобени во подетални барања што се опишани во Уредбата, при што проектите мора да исполнат најмалку пет од нив: да понудат иновативни идеи, да претставуваат оригинален авторски производ, да имаат високи уметнички вредности и комерцијален потенцијал; треба да се засноваат на културни и уметнички теми; да опфаќаат локации во Македонија што промовираат

10 Министерството за информатичко општество и администрација го објави првиот повик, повикувајќи ги ТВ станиците да поднесат предлози за продукција на домашна документарна и/или филмска програма на 19 септември 2014 година.

11 'Уредба за структурата на трошоците кои се признаваат и посебните критериуми кои што треба да се исполнат при производство на домашна документарна програма и/или домашна играна програма,' *Службен весник* 138-14, 17 септември 2014, стр. 61. Достапно на: www.slvesnik.com.mk. Пристапено на 10 јуни 2015

12 'Одлука за максималниот износ на надоместокот за покривање на трошоците во висина од 50 отсто при производство на домашна документарна и играна програма,' *Службен весник* 138-14, 17 септември 2014, стр. 64. Достапно на: www.slvesnik.com.mk. Пристапено на 10 јуни 2015.

историски и културни вредности или да одбележуваат личности или настани од историјата или од традиционалните вредности; да го рефлектираат мултикултурализмот и културната различност на државата; да бидат поврзани со актуелни теми од секојдневниот живот или со начинот на живот на децата и младите; да бидат засновани на литературни дела, бајки, легенди или на измислени ликови поврзани со вистинити историски настани; и на крај, да содржат универзална и хуманистичка порака (Уредба, член 4).

ТАБЕЛА 2. РАДИОДИФУЗЕРИ, ПРОЕКТИ И ИЗНОСИ НА СУБВЕНЦИИ ВО 2014 ГОДИНА

| ТВ - СТАНИЦА | ФИЛМСКИ ПРОГРАМИ | ВРЕМЕ-ТРАЕЊЕ | ТРОШОЦИ | ДОКУМЕНТАРНИ ПРОГРАМИ | ВРЕМЕ-ТРАЕЊЕ | ТРОШОЦИ |
|---|---|---|---|---|---|---|
| КАНАЛ 5 | „МАКЕДОНСКИ ПРИКАЗНИ“ | 20Ч 53М | 5.213.617 ДЕНАРИ (84.500 ЕВРА*) | ДОКУМЕНТАРНИ, ДОКУМЕНТАРНО-ИГРАНИ И ДОКУМЕНТАРНО ИСТРАЖУВАЧКИ ФИЛМОВИ | 10Ч 7 М | 1.274.474 ДЕНАРИ (20.660 ЕВРА) |
| АЛФА | „АЛФА АКЦИЈА“<br><br>„ПРИКАЗНИ ОД ЖИВОТОТ“ | 21Ч | 7.107.681 ДЕНАРИ (115.207 ЕВРА) | „ПРЕСПА ВО 7 ДЕНА“ „АРХЕОЛОШКИ АВАНТУРИ“ „МАЈСТОРИ И ЗАНАЕТИ“ | 10Ч 15М | 1.409.375 ДЕНАРИ (22.844 ЕВРА) |
| ТЕЛМА | ДЕТСКО ИГРАНА СЕРИЈА „ПЕТ ПЛУС“ | 20Ч | 6.764.994 ДЕНАРИ (109.652 ЕВРА) | „МОЈОТ ПАТ“ „ЛУЃЕ И МЕСТА“ | 16Ч 6М | 751.000 ДЕНАРИ (12.173 ЕВРА |
| СИТЕЛ | ИГРАН СЕРИЈАЛ | 20Ч 30М | 3.824.068 ДЕНАРИ (61.983 ЕВРА | ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА (СЕРИЈА ДОКУМЕНТАРЦИ) | 11Ч 5М | 1.523.500 ДЕНАРИ (24.694 ЕВРА) |
| АЛСАТ-М | „МИРИ“<br><br>„МАКЕДОНИ-ЈА Е ВО МОЕТО СРЦЕ“ | 10 Ч<br><br>5 Ч | 3.384.610 ДЕНАРИ (54.860 ЕВРА) 1.692.305 ДЕНАРИ (27.430 ЕВРА) | / | / | / |

Извор: Министерство за информатичко општество и администрација (одговор од 2 јуни 2015 на нашето барање за информација во согласност со Законот за пристап до информации од јавен карактер)

*Сумите изразени во евра се приближна вредност на денарските суми

Најголемиот надомест за продукција на домашна филмска програма и бил доделен на *ТВ Алфа* заради автентичната оригиналност и квалитетот на содржината, како и на *ТВ Телма* за оригиналноста на сценариото за деца и млади. *ТВ Алфа* е навистина една од телевизиите што се фокусираат на сопствена продукција (музика, документарци, забава) уште од нејзиното основање во 2008 година, додека детската емисија на *ТВ Телма* е популарна меѓу младата популација. Добиените одговори од Министерството не содржат информација за точните називи на документарните програми што ги продуцирала *ТВ Канал 5*, како и за филмската програма на *ТВ Сител*. Од податоците на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да се види дека *ТВ Канал 5* продуцирала 11, а *ТВ Сител* 15 документарни филмови на различни теми. *ТВ Сител*, исто така, ги пријавила Македонски народни приказни како филмска програма, што значи дека три електронски медиуми (*ТВ Сител*, *ТВ Канал 5* и јавниот радиодифузен сервис *МТВ*) го продуцираат истиот вид филмска програма.

За таа цел, *ТВ Сител* и *ТВ Канал 5* го искористиле новиот механизам на субвенционирање, додека, пак, *МТВ* користела свои ресурси.

Што се однесува до документарните програми на *ТВ Алсат – М*, Министерството објасни дека телевизијата не доставила сценарија/синопсиси, поради што Комисијата не можела да да ги утврди посебните критериумите кои што треба да се исполнат. Затоа, барањето на ТВ Алсат-М за одобрување проект за продукција на документарна програма било отфрлено.[13]

Одговорот од Министерството ги содржи повеќето од насловите на проектите што ги креирала секоја од телевизиите во текот на 2014 година, како и основните критериуми што ги исполниле програмите, наведени во *Уредбата* и во Законот (2013). Но, во одговорот од Министерството не стои врз основа на кои специфични критериуми било направено рангирањето на проектите, а како резултат на тоа, и соодветната компензација на телевизиите. Комисијата не ја информираше јавноста за селектираните проекти, не даде објаснување за донесената одлука, ниту, пак, ги наведе специфичните критериуми според кои било направено рангирањето на проектите, како и сумите што ги добила секоја телевизија како надомест за продукциските трошоци (оваа информација беше издадена од Министерството за потребите на ова истражување, и тоа по упатеното барање за пристап до информации од јавен карактер). Ова е сериозен недостаток во работењето на меѓуресорската Комисија во однос на транспарентноста на процедурите и отчетноста кон јавноста.

## 5
## КАКО ВРЕМЕТО ВЛИЈАЕ ВРЗ КВАЛИТЕТОТ

Радиодифузерите, во 2014 година, имаа многу краток период за продукција на комплексните и долготрајни документарни и филмски проекти изворно создадени од телевизиите. Кратките рокови за аплицирање, подготовки, продукција и емитување се покажаа како сериозна пречка за разновидноста на понудата зголемување на квалитетот на документарните и филмските програми, што всушност беше основната намена на субвенциите.

Мерката за делумна компензација на продукциските трошоци на националните радиодифузни компании беше проблематична уште откако беше воведена. Измената на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (2013) беше усвоена во кратка парламентарна процедура на почетокот на септември 2014 година, без претходна јавна дискусија или консултации со медиумската заедница.[14] Само две недели подоцна, на 19 септември 2014

13 Одговор од Министерството за информатичко општество и администрација, 2 јуни 2015 година.

14 Центар за развој на медиумите, *Извештај од мониторингот на имплементацијата на медиумското законодавство: трет квартален извештај (август – октомври 2014 година)*, 2014, стр. 8.

година, Министерството за информатичко општество и администрација го објави Јавниот повик, повикувајќи ги телевизиите да поднесат предлог-проекти за продукција на домашни документарни филмови и/или филмски програми за кои можеа да побараат субвенции од државниот буџет. Периодот за аплицирање беше 15 дена, додека Комисијата имаше дополнителни 15 дена да донесе одлука (член 92-г, 92-д). Во првата половина на октомври 2014 година, Комисијата ги избра предлозите, кои според Законот (2013) требаше да бидат емитувани до 25 ноември 2014 година. Реалното време што им беше на располагање на радиодифузерите за продукција на програмите беше не повеќе од два месеца. На нивно барање, Министерството го продолжи периодот за емитување до крајот на јануари 2015 година.

Анонимен ТВ продуцент, кој аплицирал на првиот конкурс, нагласува дека целиот процес во 2014 година бил збунувачки и проследен со многу нејаснотии. „Јавниот повик беше соопштен многу доцна, критериумите беа нејасни, правилникот беше подготвен во истиот период, додека периодот за продукција и емитување на програмите беше екстремно краток. Од технички аспект, целата процедура беше многу слабо организирана", нагласува ТВ продуцентот.[15]

Во април 2015 година, Министерството го соопшти вториот Јавен повик. Иако овојпат многу порано, сепак времето што радиодифузерите го имаат на располагање сѐ уште е недоволно за продукција на разновидни и висококвалитетни проекти. Доставените предлог-проекти во вториот циклус беа одобрени од Комисијата во јуни 2015 година, што значи околу шест месеци за подготвување, продукција и емитување филмска и документарна програма до 25 ноември 2015 година. Некои ТВ продуценти и медиумски професионалци препорачуваат Министерството да го објави наредниот јавен повик на крајот од годината, со што на радиодифузерите ќе им оставаат простор од една година за да ги комплетираат проектите.

## 6
## НА ЈАВНИОТ СЕРВИС НЕ МУ ТРЕБААТ СУБВЕНЦИИ

Потребата за поголема разновидност и квалитет на програмите е неопходна, и за комерцијалните телевизии, но и за јавниот сервис. И покрај тоа што јавниот радиодифузен сервис *МТВ* нуди повеќе различни жанрови во својата програма отколку комерцијалните ТВ станици, сепак неопходно е да го подобри нивниот квалитет, атрактивност, инвентивност, аналитичност и реализација. Анализите покажаа дека *МТВ* треба да го зголеми уделот на домашните програми (сопствена продукција, копродукција, нарачани, купени), на програмите наменети за деца и култура, а има потреба и од оригинални сценарија и унифицирање на

15 Интервју со анонимен ТВ продуцент, 15 април 2015 година.

стандардите за квалитет на сите програми.[16] Иако во последните неколку години *МТВ* го зголеми обемот на домашната продукција, како што се филмски серии и документарни емисии, голем дел од нив обработуваат слични теми поврзани со македонската историја и историските ликови.[17]

И покрај различните извори на финансирање, како што се радиодифузната такса, рекламирањето, донациите, продавањето програма и услуги, како и средствата од државниот Буџет (член 105), фондовите на *МРТ* сè уште не се доволни за да се финансира поразновидна продукција на сопствена програма. Според Законот, јавниот радиодифузен сервис може да искористи 74,5 проценти од радиодифузната такса за продукција и емитување програми (член 140), но стапките на прибирање такса беа ниски во изминатите неколку години. Во 2014 година наплатата на радиодифузната такса изнесуваше 68 проценти, додека во 2013 година, 51 процент. И покрај тоа што наплатата се зголемува од 2011 година наваму, тоа сè уште не е доволно за јавниот сервис да може да ги исполни програмските функции и обврски што произлегуваат од законот.

Поради тоа, необично е што *МРТ* не аплицираше на Јавниот повик на Министерството од 2014 година за субвенционирање на домашна продукција на филмски и документарни програми. *МРТ* има обврска да продуцира 30 часа документарна и 30 часа филмска програма, а со тоа има право на повисока сума за надомест на продукциските трошоци во споредба со комерцијалните ТВ станици.

Дополнителен проблем е што *МТВ 1* не ја исполнила обврската за продукција на 30 часа, и на документарна и на филмска програма, во 2014 година. Таа произвела 29 часа и 25 минути документарна програма и 25 часа и 7 минути филмска програма.[18] Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги иницирала прекршочна постапка против јавниот сервис заради прекршувањето на законската обврска за продукција на домашната документарна и филмска програма. *МТВ* не ја прифатила процедурата за медијација, со која вообичаено се намалуваат казните за 50 проценти или во овој случај за 50.000 евра. Наместо тоа, *МТВ* го изнесе случајот пред суд, кој сè уште е во тек.

16 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, *Предлог стратегија за развој на радиодифузната дејност во Македонија 2013-2017*, стр. 21. Достапна на: http://avmu.mk/images/stories/Predlog-Strategija-i-Akciski-plan.pdf. Пристапено на 1 јуни 2015.

17 Богдановски, С., Трпевска, С. и Милевска, С., *Аудиовизуелните креативни индустрии во Македонија: филм, телевизија, видео игри*, Висока школа за новинарство и односи со јавноста, Скопје, 2014, стр. 76.

18 Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Редовен мониторинг на МТВ, 16 февруари 2015, Скопје, 2015. Достапно на: http://www.avmu.mk/images/Redoven_nadzor_mrt_1.pdf. Пристапено на 1 јуни 2015.

## 7
## ПОДЕЛЕНИ МИСЛЕЊА: СТИМУЛАЦИЈА ИЛИ ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА ВРЗ МЕДИУМИТЕ?

Дали субвенциите за производство на домашна филмска и документарна програма навистина ќе стимулираат висококвалитетно домашно производство или ќе отворат нова можност за контрола на власта врз медиумите? Медиумската индустрија и медиумските организации имаат поделени мислења на оваа тема. Улогата и позицијата на меѓуресорската комисија, која што поради својот состав може да биде под директна контрола на Владата, е една од главните причини за загриженост. Ова решение поттикна стравувањата дека Владата би можела да влијае врз одлуките на Комисијата за износот на субвенциите коишто треба да им се доделат на радиодифузерите. Од самиот почеток, на субвенциите се гледаше како на "директно мешање на државата во медиумите", што дополнително може да ја загрози нивната независност, и тоа во период кога медиумската заедница се бори против злоупотребата на државните реклами од страна на власта за воспоставување контрола врз медиумите.[19]

„Тоа е директно влијание врз програмската содржина, со оглед на тоа што секој радиодифузер кој сака да аплицира, всушност, ќе знае што да понуди со цел да биде избран неговиот проект. Ова е еден вид корупција на медиумите", нагласува Зоран Фиданоски, член во Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој се спротивстави на владиниот амандман.[20]

Стравувањата се однесуваат на можноста Владата да ги искористи субвенциите за да влијае врз содржината на програмите или да ги злоупотреби медиумите за емитување нацоналистичка пропаганда.[21] Во изминатите неколку години од владеењето на десничарската ВМРО – ДПМНЕ беа продуцирани многу документарни филмови на теми поврзани со национални прашања, историски настани и личности, што навидум имаа за цел да го зајакнат националниот идентитет, а кои што беа емитувани на јавниот радиодифузен сервис и на комерцијалните телевизии. Ова претставуваше уште една „цигла" во процесот на градење на нацијата, што го спроведува Владата во изминатите шест години, чиј најпластичен одраз е проектот „Скопје 2014," со кој главниот град се реконструира во неокласичен стил. Медиумските експерти стравуваа

19 "Селмани: Државата влегува со пари во приватните телевизии", *Нова ТВ*, 22 август 2014. Достапно на: http://www.novini.mk/read/294628/selmani-drzhavata-vleguva-so-pari-vo-privatnite-televizii. Пристапено во јуни 2015.

20 Интервју со Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудовизуелни медиумски услуги и поранешен новинар, 10 април 2015 година.

21 "Државни пари за домашна продукција", *ТВ 24 вести*, 8 септември 2014. Достапно на: http://24vesti.mk/drzhavni-pari-za-domashna-produkcija-%E2%80%93-korupcija-ili-programsko-zajaknuvanje. Пристапено на 10 јуни 2015.

дека Комисијата би можела да преферира проекти од „патриотска" природа, за поткревање на националните чувства на граѓаните.

„Изборот на темите е многу важен за продукција на висококвалитетни програми, но документарните емисии не треба да бидат ограничени само на револуционерите од ВМРО", посочува Фиданоски, член на Советот на Агенцијата.[22]

Анонимен продуцент кој работи за национална телевизија која што аплицирала и на двата јавни повици во 2014 и 2015 година, тврди дека немало политички притисоци или сугестии, иако самите критериуми даваат јасна насока во оваа смисла. Сепак, продуцентот смета дека државните субвенции ќе имаат ефекти со текот на годините, нагласувајќи дека обврската ги поттикнува „радиодифузерите сериозно да размислуваат за идеи" и дека во иднина може да се продуцираат навистина квалитетни програми.

„Минатата година напорно работевме на проектите, главно поради драконските казни. Зошто инаку би ги правеле филмските програми? Економската ситуација во државата, како и малиот интерес на сопствениците на телевизиите да финансираат филмски или документарни проекти од свој џеб ги прави радиодифузерите многу заинтересирани да аплицираат за надомест на продукциските трошоци", објаснува продуцентот.[23]

Меѓутоа, нетранспарентноста на процесот на формирање на Комисијата, нејзиниот состав и начин на работа фрли сенка врз очекуваните позитивни ефекти од оваа мерка. Во минатото имало идеи за формирање независен фонд за медиуми за поддршка на филмски и документарни програми,[24] но ниту една од нив не заживеа.

**ВО МИНАТОТО ИМАЛО ИДЕИ ЗА ФОРМИРАЊЕ НЕЗАВИСЕН ФОНД ЗА МЕДИУМИ ЗА ПОДДРШКА НА ФИЛМСКИ И ДОКУМЕНТАРНИ ПРОГРАМИ, НО НИТУ ЕДНА ОД НИВ НЕ ЗАЖИВЕА.**

"Ни треба независен медиумски фонд што ќе доделува грантови исклучиво за продукција, како што се музика, филмови, видео спотови ... Доколку намерата е да се браниме од глобалниот напад на меѓународните медиумски продукции, како ќе го направиме тоа со продукција на Македонски народни приказни?", прашува сопственик на национален медиум, нагласувајќи ја потребата за повеќе независни извори на финансирање, што вистински ќе го подобрат квалитетот на произведените програми.[25]

22 Интервју со Зоран Фиданоски, член на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и поранешен новинар, 10 април 2015 година.

23 Интервју со анонимен ТВ продуцент, 15 април 2015.

24 Со цел да се најде друг модел за воспоставување независен фонд за продукција, медиумските професионалци сугерираат да се истражат искуствата на другите држави од ЕУ, вклучувајќи ги и државите од регионот, како што се Словенија или Хрватска. Во Словенија, поддршката за аудиовизуелни проекти е во надлежност на Јавната агенција на Република Словенија, Словеначкиот филмски центар, додека во Хрватска постои Фонд за плурализам и различности на радиодифузерите кој работи во рамки на Агенцијата за електронски медиуми и обезбедува поддршка за аудиовизуелни проекти од јавен интерес за ТВ, радио и непрофитни медиуми, на локално и на регионално ниво.

25 Интервју со анонимен сопственик на национален радиодифузер, 20 април 2015.

## 8
## ЗАКЛУЧОЦИ

Тешките услови на медиумскиот пазар ги обесхрабруваат комерцијалните медиуми и јавниот сервис да инвестираат во филмски и документарни програми од домашно потекло, кои и онака се комплексни и скапи уметнички жанрови. Токму поради тоа, програмите од домашно потекло се ретки и/или се со слаб квалитет. Така што, неминовна е потребата за зајакнување на домашната продукција, како и потребата за финансиска поддршка на креативните ТВ-жанрови. Меѓутоа, останува загриженоста во однос на непристрасноста на постапката на селекција на програмите, како и ефикасноста на самата мерка за стимулација на висококвалитетна продукција. Овие дилеми ја доведуваат во прашање улогата и позицијата на меѓуресорската Комисија.

Како административно тело во кое најголем дел од членовите ги претставуваат министерствата и други институции што се под владина контрола (само тројца од седумте членови и нивните заменици се директно поврзани со креативните аспекти на филмската и документарната продукција), на Комисијата и' недостига компетентност и независност. Во однос на транспарентноста, сериозен недостаток е што Владата не ја објави информацијата за формирањето, составот, документите и критериумите според кои одлучува Комисијата.

**ГЕНЕРАЛНА ПЕРЦЕПЦИЈА Е ДЕКА ВЛАДАТА ВО МАКЕДОНИЈА ИМА ВЛИЈАНИЕ И КОНТРОЛА ВРЗ МЕДИУМИТЕ, И ЗАТОА БИ БИЛО ПОСООДВЕТНО ДА СЕ ВОВЕДЕ НЕЗАВИСЕН МОДЕЛ ЗА ПОДДРШКА НА ТЕЛЕВИЗИИТЕ, СО ЦЕЛ ДА СЕ СТИМУЛИРА ПРОИЗВОДСТВО НА ВИСОКОКВАЛИТЕТНИ ДОМАШНИ ПРОГРАМИ.**

Самата Комисија продолжи да работи на истиот, нетранспарентен, начин. Таа не соопшти јавно кои проекти ги има селектирано, ниту, пак, на јавноста и' понуди објаснување за одлуката и за специфичните критериуми според кои е направено рангирањето и врз основа на што се определувале износите за компензација на секоја телевизија одделно.

Логично е да се очекува дека, со тек на време, владините субвенции позитивно ќе придонесат кон зголемување на квантитетот на домашната продукција, но исто така е јасно дека оваа мерка не гарантира подобрување и на квалитетот на програмите. Вистинските ефекти од субвенциите ќе може да се видат на крајот на 2015 година, со оглед на тоа што процесот во 2014 година беше избрзан и нетранспарентен. И покрај тоа што во 2015 година Јавниот повик беше објавен многу порано од претходната година, сепак повторно останува релативно краток период, помалку од шест месеци, за продукција и емитување на документарните програми. Искуството од 2014 година покажа дека кратките рокови се вистинска пречка за телевизиите да произведат сложени и висококвалитетни проекти. Тоа е причината поради која продуцентите бараат јавниот повик да биде објавен на крајот од годината. На тој начин, телевизиите ќе имаат речиси една година да ги комплетираат продукциските проекти.

Инаку, јавниот сервис МТВ ја пропушти шансата да аплицира за субвенциите во 2014 година и да ги искористи за подобрување на квалитетот на своите програми од домашна продукција, што може да се каже дека

претставува штета за јавниот интерес. Ова е особено тешко  да се разбере, земајќи предвид дека *МТВ* не успеа да ја оствари законската обврска за продукција на 30 часа филмска и на 30 часа документарна програма истата година. На тој начин, јавниот интерес е повторно загрозен, со оглед на тоа што како јавен сервис што се финансира од јавни пари, сега му се заканува и значителна парична казна.

Додека субвенциите за домашна продукција се насочени за националните медиуми (комерцијални и јавниот радиодифузен сервис), кои се веќе најбогати „играчи" на македонскиот пазар на медиуми, локалните и регионалните радиодифузери не се опфатени со новиот механизам за субвенционирање. Овие медиуми работат во тешки околности имајќи ги предвид сиромашните локални пазари, како и ограничените човечки и технички ресурси. Нивните слаби капацитети за сопствена продукција се рефлектираат врз квалитетот и разноликоста на програмската понуда.

За малите и сиромашни медиумски пазари, како што е случајот со Македонија, субвенциите се чини дека се неизбежна мерка за развој на квалитетна продукција на филмска и документарна програма од домашно потекло. Сепак, процесот треба да се спроведува целосно независно од власта. Генерална перцепција е дека Владата во Македонија има влијание и контрола врз медиумите. Токму затоа би било посоодветно да се воведе независен модел за поддршка на телевизиите со цел да се стимулира производството на висококвалитетни домашни програми.

## 9
## ПРЕПОРАКИ

1. Министерството за информатичко општество и администрација треба да го објавува јавниот повик за продукција на документарни и филмски програми кон крајот на годината, со што телевизиите ќе имаат период од речиси една година за продукција и емитување на програмите до 25 ноември следната година.
2. Владата јавно треба да го соопшти составот на Комисијата, главните документи што се поврзани со нејзината работа и критериумите за рангирање на проектите при процесот на одлучување.
3. Меѓуресорската комисија треба јавно да соопшти кои проекти се избрани за субвенционирање, износот на субвенциите што секоја ТВ станица ќе го добие за продукција на домашни документарни и филмски програми. Комисијата треба да даде детално објаснување на одлуката за рангирањето.
4. И покрај другите извори на финансирање, јавниот радиодифузен сервис треба да ги искористи и државните субвенции за продукција на програми од јавен интерес.
5. Составот на Комисијата треба да биде ревидиран; таа треба да биде независно тело, наместо тело формирано од страна на Владата и составено од претставници на институции кои се под нејзина контрола. Со тоа ќе се гарантира независен избор и распределба на фондовите за продукција на висококвалитетни проекти од домашно производство.
6. Субвенциите треба да ги опфатат регионалните и локалните медиуми, кои на сиромашните локални пазари имаат недостиг на ресурси за сопствена продукција на квалитетни и разновидни програми.

АВТОР

ВЕСНА НИКОДИНОСКА е магистер по глобални комуникации на Американскиот универзитет во Париз. Таа работи како раководител на проекти и истражувач во Македонскиот институт за медиуми.

МОНИТОРИНГ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ЗАКОНОТ ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ВО МАКЕДОНИЈА

ПОТРЕБЕН Е НЕЗАВИСЕН МОДЕЛ НА МЕДИУМСКИ СУБВЕНЦИИ ЗА ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО

АВТОР Весна Никодиноска УРЕДНИК Бранкица Петковиќ АСИСТЕНТИ Јована Михајловиќ Трбовц, Славчо Миленковски РЕДАКЦИЈА Билјана Петковска ИЗДАВАЧ Македонски институт за медиуми, Јуриј Гагарин, 17-1/1, Скопје, www.mim.org.mk. ДИЗАЈН Дак, Љубљана, 2015.

Содржината на извештајот е одговорност единствено на Мировниот институт и на Македонскиот институт за медиуми, и во никој случај не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Овој извештај е изработен во рамки на проектот Медиумска опсерваторија на Југоисточна Европа, финансиран од Европската Унија.
http://www.mediaobservatory.net.